ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 22-281/1

Дата: 09.02.2011

ДО

ОПШТИНСКО СРЕДНО МЕДИЦИНСКО УЧИЛИШТЕ
„НИКОЛА ШТЕЈН" - ТЕТОВО

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

**Резиме**

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Општинското средно медицинско училиште „Никола Штејн" - Тетово (во натамошниот текст ОСМУ „Никола Штејн") - сметка на расходи на буџет на дотации, за 2009 година.

За годините кои и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

Врз основа на резултатите од ревизијата, не изразуваме мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи на сметката расходи на буџет на дотации, а за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива изразивме мислење со резерва.

Со ревизијата е констатирано дека кај ОСМУ „Никола Штејн" не е воспоставен систем на интерни контроли при процесот на плаќање на услугите за превоз на ученици и не е воспоставена материјална и финансиска евиденција за набавеното гориво за греење како и за материјалите на залиха. При спроведувањето на јавните набавки не се почитувани постапките предвидени со Законот за јавни набавки.

Со цел подобрување на состојбата ревизијата препорачува да се обезбедат соодветни интерни контроли со кои ќе се гарантира веродостојноста и вистинитоста на извршените исплати, да се воспостави материјална и финансиска евиденција за материјалите на залиха, како и за применото и издадено гориво за греење и да се обезбеди почитување на постапките за јавни набавки утврдени со закон.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 8 до 10 заедно со ревизија на усогласеност на ОСМУ „Никола Штејн“ - сметка на расходи на буџет на дотации, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капиталните средства за 2009 година, и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на ОСМУ „Никола Штејн“ за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, застапувано од:

- Ирфан Шабани, директор од 01.04.2004 до 17.08.2009 година
- Алит Деари, директор од 18.08.2009 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на ОСМУ „Никола Штејн“ се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1 е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување. .

Цел на ревизија на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3 Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Субјектот нема извршено целосен попис на средствата, нема воспоставено евиденција на применото и издаденото гориво за греење и материјалите на залиха како и нема воспоставено систем на интерни контроли при процесот на плаќање на услугите за превоз на ученици. Поради изнесеното ние не бевме во можност да обезбедиме основа за изразување мислење за финансиските извештаи.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 29.11.2010 до 24.12.2010 кај ОСМУ „Никола Штејн“ од тим на Државниот завод за ревизија.

### Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 23.12.2010 година.

Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор број 09-158/3 од 31.12.2010 година.

## 3.1 Финансиски извештаи

### Биланс на состојба

3.1.1 Пописот на средствата и изворите на средства со состојба на ден 31 декември 2009 година не е извршен во согласност со членовите 31 и 31в од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници поради тоа што:

- На пописните листи не е прикажана парична вредност на попишаните материјални средства, поради што е оневозможено утврдувањето на евентуалните вредносни разлики помеѓу фактичката и сметководствената состојба.
- Не е извршен попис на благајната, обврските, побарувањата, горивото за греење и материјалите, како и на примените 132 лаптоп компјутери и поголемо количество на училишни клупи со што не е утврдена нивната фактичка состојба;

Неправилностите во извршениот попис не даваат доволно уверување за реалноста и објективноста на искажаните средства и извори на средства во Билансот на состојба на ден 31.12.2009 година.

**Препорака**

Одговорните лица во училиштето да преземат активности за целосно спроведување на пописот во согласност со законските прописи.

3.1.2 Училиштето има извршено набавки на материјали за административно работење, хигиенски материјали и течно гориво за греење кои согласно член 6 од Законот и Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници не се евидентирани во сметководствената евиденција на соодветните конта за залихи. Најчеста пракса е при приемот на материјалите истите да се ставаат во употреба, иако сите количини не можат веднаш да се потрошат. Училиштето нема воспоставено материјална евиденција на набавеното гориво и материјали, што го зголемува ризикот од неовластена употреба поради необезбедена материјална одговорност од лицата кои ракуваат со нив. Ваквата практика придонесува одговорните лица во училиштето да немаат точен податок за видот и количеството на материјали и гориво кој ги поседува училиштето, што го оневозможува планирањето на идните набавки според реалните потреби, создава ризик од нерационално користење и има за ефект нереално и необјективно прикажување на состојбата на материјалите и горивото на залиха.

**Препорака**

Да се воспостави материјална и финансиска евиденција врз приемот и издавањето на залихите на гориво и материјали и да се изврши материјално задолжување на лицата одговорни за магацинското работење.

**Биланс на приходи и расходи**

3.1.3 Ревизијата утврди дека признавањето на расходите не е засновано на веродостојни и уредни документи односно дел од извршените набавки на стоки и услуги не се поткрепени со соодветна валидна документација (испратници, приемници) која треба да содржи основни елементи кои ја потврдуваат набавката. Наведеното не е во согласност со член 12 од Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници и член 12 од Правилникот за сметководство на буџети и буџетски корисиници и може да има за ефект нереално и необјективно прикажување на количината на извршените набавки на стоки.

**Препорака**

Одговорните лица во училиштето да воспостават систем со кој ќе се гарантира реалноста и објективноста на количината на извршените набавки на стоки. Исплатата кон добавувачите да се врши врз основа на комплетна, ажурна и навремена сметководствена документација.

3.1.4 Во текот на 2009 година училиштето има извршено исплати кон една фирма по основ на превоз на ученици до нивните домови. Изборот на фирмата која го врши превозот на учениците од средните училишта на подрачјето на Општина Тетово го има извршено општината преку спроведена постапка за јавни набавки. Општина Тетово се јавува и како потписник на договорот со извршителот на превозот. Договорот кој ни беше презентиран содржи вкупна цена за сите 5 средни училишта на подрачјето на Општина Тетово без да се определи учеството во договорената вредност на секое училиште. Општината не ги известува училиштата за договорените цени по зони на превоз поради што на училиштето не му се познати елементите за проверка на висината и одобрување на плаќањето на фактурираната вредност. Од страна на избраниот превозник до училиштето се доставуват фактури за извршени услуги во кои е наведена цената која училиштето треба да ја плати, без приложена пресметка за утврдениот износ (број на корисници на превозот, цена на повратен билет, зона на превоз и сл.). Како резултат на наведената состојба училиштето не е во можност да ја потврди точноста на фактурираниот износ од превозникот поради што изразуваме несигурност во поглед на реалноста и објективноста на настанатите расходи по овој основ во висина од 10.283 илјади денари.

**Препорака**

По завршувањето на активностите за јавни набавки Општина Тетово, училиштето и избраниот превозник да скучат договор за превоз на ученици, кој ќе одржи одредби кои ќе ги регулираат меѓусебните права и обврски, договорената цена на повратниот билет за секој ученик, начинот на плаќање и други услови за навремен и квалитетен превоз. Одговорните лица во училиштето од превозникот да побараат доставување на комплетна

документација која ќе ја потврди веродостојноста и објективноста на извршената услуга што треба да се плати.

## 3.2 Користење на средства согласно законските прописи

### Јавни набавки

3.2.1. Со цел стекнување уверување за усогласеноста на користењето на средствата на училиштето за 2009 година согласно Законот за јавни набавки, извршивме ревизија на начинот и постапките за доделување на договори за јавни набавки од аспект на законските барања: обезбедување на конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман, транспарентност и рационално и ефикасно искористување на средствата, како и на реализацијата на доделените договори за јавни набавки.

Со ревизијата беа опфатени вкупно 9 постапки за јавни набавки спроведени во 2009 година со барања за прибирање на понуди без објавување на оглас, односно сите спроведени постапки во текот на 2009 година кои имаат ефект во финансиските извештаи на ОСМУ „Никола Штејн“. Вредноста на склучените договори во ревидираните постапки изнесува 920 илјади денари. Од извршениот увид ги утврдивме следните недостатоци:

- Не е подготвен план за јавни набавки како што е предвидено со член 26 од Законот за јавни набавки според кој планот за јавни набавки треба да се донесе до крајот на јануари од тековната година;
- Училиштето не води евиденција на спроведените постапки за јавни набавки со прибирање понуди, која задолжително треба да се доставува до Бирото за јавни набавки на полугодишна основа во согласност со член 103 од Законот за јавни набавки
- За дел од спроведените постапки за јавни набавки по пат на прибирање понуди не се доставени докази за потврдување на способноста за вршење на дејноста од страна на економските оператори што е обврска предвидена во член 102 од Законот за јавни набавки.
- За седум спроведени набавки на термопан стакло, компјутерска опрема, канцелариски материјали, одржување на фотокопир апарат, потрошен материјал за кабинети, средства за хигиена и ПВЦ материјали во вкупен износ од 559 илјади денари не се спроведени постапки за јавни набавки со прибирање на понуди без објавување на оглас во согласност со членот 100 од Законот за јавни набавки. За овие набавки донесена е одлука за јавна набавка, склучен е договор со носителот на набавката но не се испратени понуди до три економски оператори.

Слабостите кои ги констатиравме при спроведувањето на постапките за јавни набавки имаат за ефект намалена транспарентност, фер конкуренција, објективност при изборот на понудувачите и економично трошење на средствата.

**Препорака**

1. Училишниот одбор да го усвојува Планот за јавни набавки во законски пропишаниот рок и редовно да ги разгледува и по потреба да ги одобрува предложените промени во планот.
2. Стручните служби во ОСМУ „Никола Штејн“ да изготват насоки во кои подетално ќе бидат опишани сите активности што комисијата за јавни набавки треба да ги спроведе во поглед на целосно обезбедување на потребната документација, како и навремено и транспарентно спроведување на постапките за сите извршени набавки во текот на годината.

**Вкупни ефекти од наодите**

Поради прашањата изнесени во точките 3.1.1, 3.1.2 и 3.1.4 кои се однесуваат на неправилности во извршениот попис, невоспоставената финансиска и материјална евиденција на набавените материјали и гориво за греење и необезбеденото уверување во реалноста и објективноста на извршените плаќање на услугите за превоз на ученици, ревизијата не доби основа за изразување мислење за финансиските извештаи.

## 4. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 3.1.1, 3.1.2 и 3.1.4 ние не бевме во можност да добиеме достатни соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Согласно на тоа, ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на ОСМУ „Никола Штејн“, на ден 31 декември 2009 година.

**Мислење  за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 3.1. и 3.2, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на ОСМУ „Никола Штејн“  - сметка на расходи на буџет на дотации, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени практики.

Скопје, 02.02.2011 година

Ревизорски тим: Овластен државен ревизор

1. ________________ ________________
2. ________________
3. ________________

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 година**

| | | |
|---|---|---|
| | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **2009** | **2008** |
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 83.358 | 66.165 |
| **Вкупно приходи** | **83.358** | **66.165** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 63.688 | 56.747 |
| Стоки и услуги | 19.285 | 7.616 |
| **Вкупно тековни расходи** | **82.973** | **64.363** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 385 | 1.802 |
| **Вкупно капитални расходи** | **385** | **1.802** |
| **Вкупно расходи** | **83.358** | **66.165** |

| БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | | 2009 | | 2008 |
| **Актива** | | | | |
| **Постојани средства** | | | | |
| Материјални средства | | 518 | | 505 |
| **Вкупно постојани средства** | | **518** | | **505** |
| | | | | |
| **Вкупна актива** | | **518** | | **505** |
| **Пасива** | | | | |
| | | | | |
| **Извори на средства** | | | | |
| Извори на капитални средства | | 518 | | 505 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **518** | | **505** |
| | | | | |
| **Вкупна пасива** | | **518** | | **505** |

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2009 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Состојба 01.01.2009 година** | 505 | - | 505 |
| | | | |
| **Зголемување по основ на:** | 88 | - | 88 |
| Набавки | 73 | - | 73 |
| Ревалоризација на капитални средства | 15 | - | 15 |
| | | | |
| **Намалување по основ на:** | 75 | - | 75 |
| Амортизација | 75 | - | 75 |
| | | | |
| **Состојба 31.12.2009 година** | 518 | - | 518 |